# Ново детско игралиште

## с.Радање

Започнаа градежните активности за изградба на детско игралиште во с.Радање со површина од 512 м2 кое ќе биде уредено со урбана опрема, детски реквизити, тартан подлога, пешачки патеки и истото целосно ќе биде оградено.

Децата заслужуваат да живеат во модерни и урбани средини, а нашата тенденција е да им го овозможиме тоа!







# Ден на пролетта '24

МТБ

ВЕЛОСИПЕДСКА ТУРА

БАРГАЛА - ПРИПЕЧАНИ

Успешно заокруживме уште еден спортски настан МТБ тура "Ден на пролетта '24", како дел од низата на настани кои што се вистински двигатели на спортските стандарди во нашата општина!



Општина Карбинци



# ГРАЃАНСКИ ИНФОРМАТОР

Март, 2024

Скенирај го QR кодот за повеќе новости на нашата Веб-страна

www.karbinci.gov.mk

# Ново детско игралиште
## с.Долни Балван

Започна изградба на ново детското игралиште во с.Долни Балван. Детското игралиште ќе добие современа тартан подлога, обновени постоечки и нови детски реквизити.

Нашата цел е подобрување на условите за децата и нивниот правилен развој, како важен сегмент во општеството!



# Патна Инфраструктура
## АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ

Како резултат на пролетната градежна офанзива овој месец нов асфалт добија улици во повеќе населени места во нашата општина.



С.ГОРНИ БАЛВАН



С.КАРБИНЦИ

Со одлична динамика се одвиваат градежните активности за асфалтирање на пристапниот пат и училишниот двор во с.Парналија и дел од патниот правец с.Радање-с.Оџалија.

# Ден на пролетта

Администрацијата на општина Карбинци и вработените од ЈП Плачковица засадија дрвца околу општинскиот двор.



# Агро-метеролошка станица

Пуштена во употреба агро-метеролошка станица за заштита на земјоделските култури во општина Карбинци. Земјоделците ќе имаат можност да користат податоци преку мобилната апликација

Meteobot.

